Наум ДИМОВСКИ

# НЕКОИ АСПЕКТИ ЗА ПРОБЛЕМИТЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА*

Денешнава трибина третира две многу значајни прашања во воспитно-образовната работа, наставните програми и учебниците по историја. Целта секако е, да се укаже на недостатоците и пропустите во програмите и учебниците од 1991/1992 г. и да се помогне во нивното квалитетно усовршување.

Од досегашното искуство имаме некои согледувања во врска со наведената проблематика за која сакаме да укажеме на некои проблеми и тешкотии со цел да се надминат и во работата да се чекори посмело напред.

Ако објективно се обѕрнеме назад во изминатиот период од 50 години од другo ќе констатираме дека сме постигнале значајни резултати во оформувањето на наставните програми по историја и учебникарското дело. Оформени се повеќе наставни програми за основното и средното образование кои не заостануваат по својот квалитет од наставните програми на другите бивши југословенски републики и многу држави во Европа. Слична е положбата и со учебниците и помошната литература по историја.

Мораме да нагласиме и тоа дека сме имале и имаме и доста недостатоци, пропусти и слабости во целокупната работа пак и во наставните програми и учебници.

За оваа трибина ни е презентиран материјал-анализа од вреднувањето на учебниците по историја за петто одделение и прва година на средното образование, резултати од анкетирани наставници за истата проблематика и резултати од тестирањето на учениците пак за истите проблеми.

Резултатите и податоците укажуваат на интересни состојби во учебниците во наставата по историја во петто одделение и прва година средното образование. За тоа најповикани се да се искажат:

- практичарите (реализаторите) на наставните програми и корисници на учебниците, како што и впрочем тоа го сториле во анкетата.

---

* Излагање на трибината "Функцијата и примената на наставните програми и учебниците по историја во основното и средното образование" одржана на 22 март 1995 година.

- Просветно-педагошката служба која ја следи реализацијата на наставните програми и употребата на учебниците.

- Потоа авторите на учебниците и рецензентите.

Наставни програми

Нужно е да се има предвид дека сега се во употреба кај нас наставни програми со нова концепција и содржина кои се разликуваат од досегашните програми:

- Со европски карактеристики.
- Деидеологизирани и деполитизирани.
- Ослободени од задолжителни туѓи содржини.
- Програми во кои е сразмерно застапена светската и европската историја, историјата на балканските народи, историјата на македонскиот народ во неговите државни и етнички граници како и на Македонците во дијаспората.

*Аналогно на тоа имаме и специфични учебници, кои по својата содржина се разликуваат од сите досегашни.*

Во врска со наставните програми неколку причини негативно влијаеја на изготвувачите на новите учебници:

1. Кога се пишуваа учебниците сè уште не беа целосно готови наставните програми. Така авторите на учебниците имаа при рака само наставни содржини без цели и задачи, и оперативни задачи на содржините како и упатство за примена. Тоа оневозможуваше целосно да се види какви знаења, умеења и навики се бараат да се остварат кај учениците.

2. Натаму, кога станува збор за *наука, настава, учебник* и на тој план некои од содржините на постојните учебници како да не се издиференцирани до крај. Во врска со тоа треба да бидеме начисто дека содржината во учебникот е еден дел од науката трансформиран и прилагоден со јазикот, стилот, терминологијата, фактографијата, дидактичката апаратура, илустративниот дел итн. на учениковата возраст.

3. Хендикепот што не беа целосно оформени наставните програми со сите елементи, изгледа повлијае на авторите целосно и суштински *да не се сфати духот на наставните програми.* Поради тоа има извесни отстапки и залетувања како во обемот, широчината, односно екстензитетот на содржините, а исто така и во длабочината односно интензитетот. Како резултат на тоа присутни се недоследности во фактографијата, генерализациите и активностите кои учениците треба да ги развијат во врска со широчината и преголемата длабочина во содржините. Значи не е постигнат целосен соодветен пропорционален однос на екстензитетот и интензитетот на презентираните содржини.

Стручно-педагошки прирачник за наставните програми

За да се сфати суштината и за успешната примена на наставните програми потребни се стручно-педагошки подготовки на наставниот кадар.

Не е доволно она што го сторивме на стручен план, иако многу се стори за овие наставни програми.

Неопходен е *стручно-педагошки прирачник за наставните програми*, за нивната примена, односно реализација. Таков прирачник досега кај нас, за жал не е напишан. Тоа ни претстои како итна задача. Уште повеќе сега кога интервенираме во наставните програми со цел да ги растовариме и направиме што подостапни.

Теоретска основа - платформа за учебниците

Потребно ни е исто така да се издаде ТЕОРЕТСКА ОСНОВА-ПЛАТФОРМА за стручно и дидактичко обликување на учебниците. Ние таква платформа немаме, а тоа негативно се одразува во пишувањето на учебниците и нивното издавање. Во другите држави такви платформи постојат. Ние имаме две концепции за учебниците - општа и посебна за историја, издадени пред десетина години, но тие се веќе застарени и надминати.

Закон за учебниците

Потребно е да се донесе нов ЗАКОН ЗА УЧЕБНИЦИТЕ како што има во многу други држави. Во него треба да се предвидат начелата и стандардите на кои ќе се потпира учебникот, процедурата, квалитетот, рецензирањето, одобрувањето, условите за издавање итн. Тоа значи издавачот ќе го објавува конкурсот и ќе ја врши порачката на учебниците врз основа законските одредби.

Рецензирање при РПС

Според сегашната практика учебниците ги одобрува РПС. Ако веќе врват учебниците низ последната стручна инстанца-филтер РПС, неминовно е при овој орган да се оформат строго стручни комисии од стручни лица, педагози, психолози, социолози, јазичари и др. кои ќе претставуваат втора рецензентска комисија што ќе дава голем прилог во квалитетот на учебниците. Во спротивно улогата на РПС во издавањето на учебниците е без вредност.

Рецензенти и рецензирање

Кога сме кај рецензирањето неопходно е да се потенцира дека и првите рецензенти на учебниците треба да бидат врвни стручњаци и истакнати практичари на ниво на учебникарите. Може да се размисли во рецензентската група да има и по еден јазичар, вкупно четворица (од науката, од практиката, педагог психолог и јазичар). Критериумот за избор на рецензенти и рецензирањето треба да се заостри. Ракописите да не се прифаќаат како досега со две позитивни рецензии туку со сите три или четири ако се позитивни, во спротивно ракописот да се одбие.

Ваквиот начин на рецензирање ќе ги принуди авторите да создаваат ТИМОВИ ОД СТРУЧНИ ЛИЦА или пак ќе пишуваат како оние кои се доволно стручно педагошко-дидактички, психолошки и јазично квали-

фикувани за тоа. Добро би било во учебникот да биде истакнато кој автор кои теми ги обработил-напишал за да има стручната јавност увид. Исто така, и рецензиите треба да се објавуваат во некое стручно списание или Билтен на издавачката организација

Пробна-експериментална употреба на учебниците

Потребно е и кај нас да почне практиката учебниците најпрвин да се печатат за пробна-експериментална употреба како што се прави во некои земји со развиено школство. Кога пак ќе почне редовната примена на учебникот во праксата, да се врши вреднување на квалитетот од страна на стручната служба, вклучувајќи стручни лица и од институтите и практиката. Искуството од пробната употреба и вреднувањето ќе се користи во усовршувањето на новите изданија на учебниците и во практичната работа на наставниците.

Дидактичко-методски прирачник за учебниците

Покрај стручно-педагошките семинари и советувања на кои се запознаваат наставниците со структурата на новите учебници, стручните написи во списанија и стручниот печат, за успешно користење на учебникот и помошната додатна литература (историски читанки, работни тетратки, историски атласи и др.) неопходен е СТРУЧНО-МЕТОДСКИ ПРИРАЧНИК за наставниците. Таков ние досега немаме издадено. Поради тоа присутни се разни проблеми: неприфаќање на учебниците, извесна одбојност и др.

Ако наведените активности и издавањето на стручни прирачници се во ред, подготовките за користењето на учебниците и помошната литература ќе биде далеку поефикасно, а успехот во наставата поголем.

Јазикот и стилот во учебникот

Нешто сакам да истакнам во врска со јазикот и стилот на авторите применети во учебниците и нивната прилагоденост на учениковата возраст.

Јазикот на учебникот е еден од најзначајните услови за воспоставување врска со учениците за кои е напишан. Ако тоа не се постигне, учебникот ја губи употребната вредност.

Факт е, дека скоро сите учебници по сите прдмети и струки страдаат од неприлагоденоста на учениковата возраст и недостапниот јазик и стил. Еве и критиките за учебниците по историја тоа го истакнуваат. Не станува збор само за правописните норми и литературниот јазик, туку за комплексноста на јазикот, стилот итн.

Јазикот на одредена детска возраст авторите треба добро да го познаваат, а ако не го знаат треба да го проучат и научат, пак потоа да пристапат кон пишување на учебник. Јазикот мора да биде целосно прилагоден на учениковата возраст. Психолингвистичките способности на ученикот од петто и осмо одделение не се исти, нити од средното обра-

зовнание се исти со основното. Тука мора да се имаат во предвид нивоата на возраста на учениците. И не само јазикот и стилот туку и фактографијата, терминологијат, а дидактичката апаратура, широчината и длабочината на содрижните треба исто така да бидат прилагодени на возраста на учениците.

За да се познава и изучува јазикот на детето неопходно е да се издаде РЕЧНИК ЗА НИВОТО НА ДЕЦАТА, на пример од основното или средното образование. Се сеќавам уште во 1970 година во Србија изклезе од печат таков речник од 15.000 зборови за нивото на детската возраст од II до VIII одделение.

И кај нас би требало да се размислува и да се поттикнат институтите за македонски јазик, педагогија и психологија да го сторат истото што ќе биде драгоцена помош за авторите на учебниците и наставниот кадар.

Авторскиот хонорар за учебниците

На крајот сакам да го засегнам и АВТОРСКИОТ ХОНОРАР за учебниците кој исто така има влијание на нивниот квалитет.

Авторскиот хонорар не е стандарден и во суштина е многу мал. Издавачките организации треба да водат сметка дека авторскиот хонорар треба да претставува реална награда за вложениот труд која ќе ги задоволи и ќе ги стимулира авторите за поквалитетна работа. Во последниве години (ако ја исклучиме само последната тура на учебниците по историја) авторскиот хонорар беше недопустливо низок одвај да ги покрие материјалните трошоци на авторите. Тоа секако влијае и на интересот и и зафаќањето да пишуваат учебници врвни стручњаци и практичари или пак да бидат рецензенти.